Финансирано од Европска Унија

Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia

# НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (НКЕУ-МК)
# ПРЕДЛОГ ПРЕПОРАКИ

Прва сесија на Работната група – 6, Антикорупција (Поглавја 5 - Јавни набавки, 18 - Статистика и 32 - Финансиска контрола) на тема: „**Справување и борба со корупцијата и заштита на финансиските интереси на државата**“

19.07.2023, Клуб на Пратеници

Препораките се во насока на намалување на можностите за корупција и подобрување на фискалното управување и одржување на здрави јавни финансии:

**1. Воспоставување на регистар за јавни-приватни партнерства и регистер за концесии**

Регистарот на концесии и јавни-приватни партнерства е од особено значење за системот на контрола врз доделените договори и следење на нивното исполнување. Овој регистар треба да биде јавно достапен и да ги содржи деталите за структурата на договорите, условите и надлежностите на вклучените страни. Исто така, треба да се имплементира ефикасен и одржлив дигитален систем за внесување и преглед на податоците во регистарот. Дополнително, ваквиот регистар ќе ја даде целосната слика за побарувањата кои државата ги има кон корисниците на концесии и јавни-приватни партнерства.

**2. Воведување на биланс на состојба на јавниот сектор**

За да се намали ризикот од обезвреднување на државниот имот и да се спречат коруптивни однесувања, потребно е воведување на биланс на состојба на јавниот сектор. Овој биланс треба да се состои од систематски и редовно обновувани прегледи и оценки на активата и пасивата на јавниот сектор. Оваа промена треба особено да се фокусира на идентификување и анализирање на потенцијални случаи на коруптивни дејства или обезвреднување на имотот на државата.

**3. Следење на преземените обврски од страна на буџетските корисници во реално време**

Ефикасен систем за проследување и контрола на сите обврски на буџетските корисници е неопходен. Овој систем треба да биде дигитален и интегриран со информацискиот систем за управување со јавни финансии кој е во најава од страна на Министерството за финансии. Дополнително, информациите за обврските треба да бидат јавно достапни и сите заинтересирани страни треба да имаат можност да ги следат и прегледуваат во секое време.

**4. Зајакнување на собраниската улога врз утврдувањето и надзорот при реализацијата на Буџетот на Република Северна Македонија**

Парламентот треба да игра активна и силна улога во процесот на изработка, прифаќање и надзор на буџетот. За да се постигне ова, неопходно е зголемување на транспарентноста и дијалогот меѓу владата и парламентот. Исто така, јавноста треба да биде добро информирана и да има можност за активно следење и оценување на извршените буџетски активности. Собранието треба да биде во можност да презема потребни мерки во случај на констатирање а неправилности или недостатоци преку својата контролна улога.

Овие препораки имаат за цел да ја засилат довербата во јавните финансии и да ги намалат ризиците од корупција, осигурувајќи транспарентност, отчетност, одговорност и ефикасно управување со финансиските ресурси на државата.